# БИОЕТИКАТА ВО НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## ВОВЕД

Текстот е своевидна програма за имплементација на Биоетичкото образование на ниво на основно образование. При тоа, се преферира морално воспитание, отколку (био)етичко образование, со оглед на возраста на воспитаниците и природата на нивниот когнитивен и морален развој. Повикувајќи се на сознанијата од развојната психологија и фазите на морален развој, како и на некои документи релевантни за Биоетиката и биоетичкото образование, текстот нуди едно од можните решенија за кроскурикуларно интегрирање на биоетичките содржини во пониските одделениjе во нашите училишта.

Биоетиката од Потер[1] во 1970-тите до денес се разбира како интердисциплинарна област помеѓу хуманистичките и биолошките науки, која има за цел да се соочи со етичките проблеми кои произлегуваат од рапидниот техничко-технолошки развој, а за кои проблеми традиционалните морални дисциплини немаат одговор. Затоа, сметаме дека учениците треба да се запознаат во рана возраст со биетичките содржини? Од две причини:

Прво, биоетиката, како таква, може да се каже дека е посеопфатна од, ајде да кажеме, традиционалната етика, затоа што во својот видокруг внесува содржини и практики кои не биле предмет на традиционалната етика. **Биомедицинските науки, како и биомедицинската пракса** воопшто, пред нас поставуваат нови предизвици за човечката егзистенција. Второ, биоетиката прави пресврт, кој во денешната капиталистичка, индивидуалистичка и консумеристичка ера, е од особено значење - од антропоцентризам во биоцентризам што е клучен за современиот начин на живот, и колку побргу децата го усвојат тој нов „центризам“, толку подобро. Колку побргу ја разберат одговорноста за сè што е живо, толку подобро.

[1] Potter, V. R. (1971). Bioethics: Bridge to the Future, Prentice-Hall, Englewood Cliffs

Токму од тие причини биоетиката стана дел и од училишните курикулуми на универзитетите ширум светот. И до неодамна таа беше единствено ограничена таму. Но, во последно време сѐ повеќе се говори за нејзино инволвирање во основните училишта. Во овој труд разгледуваме некои од методите и можностите за интердисциплинарни пристапи, крос-курикуларно вметнување на теми од биоетиката и нејзино изучување преку т.н. скриен курикулум, како децата уште од најрана возраст би се сензибилизирале за нивните општествени и еколошки одговорности.

ПРИЛОГ КОН РАЗВОЈ НА МОРАЛНОСТА

Ако психолозите го дефинираат моралот како *внатрешна структура која го контролира и надгледува однесувањето, без надворешен надзор*, се поставува прашањето која е најдобрата возраст за биетичко образование, и какво треба да биде тоа. Според Пијаже, децата до 10 годишна возраст се во фазата на „морален реализам“, но после десетата година тие веќе одат кон морална автономија.

Ако ова е точно, тогаш децата веќе во основно училиште се подготвени за морално образование. Затоа, ние, како и многумина теоретичари препорачуваат вклучување на биоетичките проблеми уште во основното училиште. Се разбира, интердисциплинарно и трансферзално, преку останатите курикулуми.

Моралноста како психолошка диспозиција има три важни аспекти:

1. **Когнитивен (интелектуална):** подразбира знаење за моралот, способност за рационален однос и евалуација на постапките, интелектуална способност научените општи принципи да се применат во конкретни случаи
2. **Афективна (емотивна):** подразбира морални чувства, како чувство на должност, чуство на вина, чувство на гордост, каење и сл.
3. **Конотивна (волева):** е бихејвиоралниот аспект кој подразбира подготвеност за носење одлуки во склад со усвоените морални норми, извршување на одлуките и доследност во нивното извршување.

Во однос на етиката тоа значи дека секоја единка треба да ги изгради сите комоненти, т.е. секоја индивидуа треба да ги развие следниве компоненти во својата личност:

- **Морална свест (интелектуалната, когнитивната компонента)** – која се однесува на познанието на моралното и неморалното,  на доброто и злото воопшто, како и на познавање на моралните норми до кои треба да се држи. Оваа компонента значи ја чинат знаењата за моралот, како услов за моралноста и тие се стекнуваат со учење, интелектуално увидување и усвојување.

- **Моралните чувства (емоционалната компонента на моралот)**, се вушност благородните чувства без кои усвоеното знаење не може да стане **уверување** кое ќе поттикнува на морална акција. Развојот на оваа компонента започнува со учење со условување, но потоа и со учење по модел, при што емпатичноста е доста важен фактор.

- **Оформена волја (конативна, волева компонента)** е всушност позитивно насочена волја, волја насочена кон морално дејство. Имено, за морално однесување, за претварање на моралните знаења, стекнати со интелектот, моралните чувства што ни се раѓаат заради нашата емотивна компонента, да се остварат, потребна е волја да се применат. Затоа е неопходно воспитување на силна, соодветно насочена волја кон остварување на наученото и доживеаното. Не вреди ако знаеме, чувствуваме што е добро, а не го практикуваме. Со волевиот аспект од нашата личност се заокружува процесот на моралноста.

Ова е можеби и најважниот аспект на моралноста, а оттука веројатно и најтешко да се оформи, да се развијат карактеристики како: одлучност, истрајност, упорност, доследност, дициплинираност и сл. кои ќе ја направат моралноста дејствена. Тоа е подготвеност да се донесат одлуки согласно моралните норми и доследно да се спроведат. И овој аспект се развива со учење со условување и особено со учење по модел. Главните црти на моралниот лик, всушност се нарекуваат **карактер**. Карактерот дава печат на целокупното човеково однесување, а во основата на истиот е волјата.

Комплетно развиена морална личност подразбира подеднакво развиена личност во сите три сфери. Складно изградена и меѓусебно ускладена личност е личност со изграден морален лик. Но, се разбира, сите овие компоненти не секогаш се подеднакво развиени или пак можат идеално да се развијат. Кога има голема дискрепанца во развојот се случува нехармоничен морален развој кој, на пример, доведува до тоа личноста едно да мисли, друго да говори, а трето да работи, или пак да има т.н. „двоен морал", или пак да има високо чувство за моралност, но да нема развиен волев дел за да го оствари, поради што се јавуваат фрустрации, и т.н.

Затоа е важен процесот на интернализација, на усвојување, или „повнатрешнување" на усвоените знаење од моралот и етиката, за истите да станат дел од внатрешниот свет на единката. Тоа се случува во еден процес на раст и развој на човекот за чии механизми зборувале Пијаже и Колберг. Тоа всушност е процес на развој на моралноста од хетерономен, до автономен, како што би рекол Пијаже.

И според Колберг, и според Пијаже, моралниот развој е когнитивно усмерен – секоја етапа или стадиум се разликува според моралното размислување кое станува сè покомплексно, сè посодржајно и сè поповрзано. Развојот, според Колберг е иреверзибилен, а ниту една етапа во тој развој не може да се прескокне. Тоа е формата во која се развива секој морал, а содржината, секако е различна од култура до култура, но шемата на развој секаде е идентична. Значи, редоследот е константен, непроменлив и универзален. Првите два стадиума, според Колберг, постепено се губат со текот на развојот, додека другите два се стабилизираат до средината на периодот на адолесценција. Последните два стадиума се развиваат дури после 16-тата година. Моралниот развој за Колберг е долг процес кој трае во текот на целото детство, дури и во периодот на адолесценција.

## МОРАЛНО ВОСПИТАНИЕ НАМЕСТО ЕТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Имајќи го во вид погоре изнесеното, сметаме дека во основното образование, особено во пониските одделенија, најсоодветно би бил еден

пристап кој фаворизира **морално воспитание**, наместо **етичко образование.** Несомнено е дека тука правиме разлика помеѓу морално воспитание и етичко образование. Секако дека тие не можат строго да се одвојат и затоа и во литературата се говори заедно за воспитно-образовен процес, но во случајот, од методолошки разлози ги одвојувам и се осврнувам само на моралното воспитание. Сметам, дека во пониските одделенија, посебен предмет етика, со содржини биоетика, не би биле од толкава полза, како нивно крос-курикуларно вметнување и третирање на биоетичките теми и содржини пред сè како морално воспитание, отколку како етичко образование.

А под **воспитание** ја подразбираме „севкупноста на интенционалното влијание на развојот на личноста."[2] Во тој процес на воспитание, значи интенционално, намерно, целесообразно се всадуваат некои карактеристики на воспитаникот.

Училиштето во таа смисла, претставува фактор на моралното воспитание, затоа што пружа можност за планско и организирано дејствување во правец на изградување **морално сознание (когнитивна сфера)**, **морално уверување (емотивна)** и **моралното дејствување (волева)**, во правец на развивање на позитивни морални особини, т.е. позитивни квалитети на личноста и карактерот. Разни автори, препишуваат разни **задачи** на моралното воспитание. Целта и задачите на моралното воспитание се всушност составен дел од поширокие цели и задачи на воспитанието воопшто.[3]

Во основните задачи на моралното воспитание спаѓаат:

1. Изградување на позитивна морална свест
2. Негување на благородни чувства
3. Развивање на силна и позитивно ориентирана волја[4]

Или според некои други автори задачите на моралното воспитание се:

---

[2] Josip Marinković (1987), *Ogledi iz Filozofije odgoj*a, Školske novine: Zagreb, 26
[3] Ante Vukasović (1974): *Moralni odgoj*, Liber: Zagreb, 3
[4] Според: Bakovljev, M. (1998): Osnovi pedagogije, Sombor, Učiteljski fakultet

1. Усвојување на фундаменталните знаења и поими,
2. Формирање на морални ставови и уверувања
3. Формирање на позитивни црти на личноста, морални квалитети и чувства
4. Создавање на услови за унапредување на моралното поведение

Или:

1. Развивање позитивен однос кон себе и општеството
2. Развивање морален однос на поединецот кон друг поединец
3. Развивање на моралните особини, волјата и карактерот

Како и да тргнеме, што и да сметаме за цел на моралното воспитание, во целите и задачите на моралното воспитување мора да спаѓа **развој на трите сфери** на човековата личност: **интелектуалната, емотивната и волевата**. Моралното воспитание како едно од подрачјата на воспитанието мора да обезбеди единствено и складно обликување на **интелектуалната, емоционалната и волевата сфера** на личноста.

Во таа смисла, самиот процес на моралното воспитание има **рационална, емоционална и волева страна**, т.е. тој мора да дејствува преку сите три компоненти. Па оттука и поделбата на **фази** во моралното воспитание.

1. Значи текот на моралното воспитание мора да започне со **добивањето на информации и знаења** за важечките морални принципи, правила и норми кои се општо прифатени во едно општество, за доминантните вредности, за прифатените норми и квалитети, кои се ценат кај некоја личност, како и за санкциите кои се својствени за тој простор и во тоа време. Тоа е дејство преку аспектот на рационалноста. Но доколку се остане само на ова ниво тоа значи дека процесот на морално воспитание не постигнал речиси ништо. Воопшто не е доволно, барем не во рамките на моралното воспитание, да се остане само на ниво на знаење на некакви

факти. Никому не му е потребен човек кој добро ја познава теоријата на моралот и етиката, кој убаво вербално знае да прави разлика помеѓу доброто и злото, но тој сепак не отишол до крај, не се развил во комплетна личност и особено не се „карактерооформил“.

2. Следниот чекор, етапа, ниво, се однесува на **заземање определен став** кон она што веќе е усвоено, во конкретниот случај во рамките на првата фаза од моралното воспитание. Ставот претставува проценка, суд за нешто што е емоционално обоено. Во случајот кога станува збор за моралното воспитание, наша цел е да изградиме позитивен став кон сè она што го носи епитетот „добро“ и се разбира негативен став кон сè она што го носи епитетот „лошо“, или општествено неприфатливо. Со ова всушност сме оформиле позитивни или негативни чувства, т.е. сме изградиле определени морални чувства. Ставовите, уверувањата и моралните чувства се оние насочувачи кои ќе го определат правецот на човековото поведение во смисла дали тоа ќе биде во форма на лоши или пак добри постапки.
3. Во последната фаза од моралното воспитание целосното внимание го насочуваме кон **човековите постапки**, тие се оние кои ќе ни го потврдат или не саканиот ефект од претходните две нивоа. Оваа фаза е **јакнење на волјата** да се следи усвоеното и доживеаното добро од претходните две фази. За да може претходните две нивоа тоа да го поправат во позитивна насока тие мора да ги дадат потребните сознанија и факти, да изградат вистински ставови, карактерни особини, црти на личноста и систем на вредности кои ќе ги има таа, кој е компатибилен со општествениот. Добрата подлога изградена на вистински начин може да ни даде за право да очекуваме човековите постапки да бидат морално прифатливи и високо оценети. Човековото поведение што тој го има кон себе си, кон другите луѓе и кон општеството претставува надворешна манифестација на фазите на морално сознание и морално уверување. Човековото поведение, неговите постапки сами за себе доволно ни говорат многу нешта за една личност и за нејзината морална воспитаност.

Секојдневниот живот води сметка за надворешните манифестации кои се огледаат во човековото поведение и постапки.

Во таа смисла завршната проценка, став и мислење се гради врз основа на она што човекот го прави, а не врз основа на она што човекот го тврди, бидејќи често пати човекот не го спроведува она што тврди дека е негов став или начин на размислување. Животот покажува дека во многу случаи постои расчекор помеѓу она што луѓето го зборуваат и она што го прават. Тие ги тврдат нештата за кои знаат дека се општествено прифатени, но не дејствуваат според нив. Оттаму доказ дека моралните сознанија станале и морални уверувања на еден човек претставува самото негово поведение. На овој начин можеме да зборуваме за изградена **морална култура** кај некој човек. Сепак, на крај мора да се напомене дека во процесот на изградбата на моралната култура овие три етапи течат напоредно. Иако етапата на формирање морални сознанија е онаа со која започнува овој процес, сепак напоредно со неа течат и другите етапи, така што во суштина се работи за еден - единствен процес во кој фазите се испреплетуваат и надополнуваат, поточно секоја фаза има удел во секоја од сферите: интелектуална, емотивна и волева, т.е. кога пренесуваме знаења за моралот, ние не само што делуваме преку когнитивниот аспект, ами ја афектираме и емотивната сфера, а со тоа поттикнуваме и на акција (волева сфера).

## БИОЕТИКАТА КАКО ДЕЛ ОД МОРАЛНОТО ВОСПИТАНИЕ

Иако искуствата и досегашните истражувања за биоетичко образование, рековме, традиционално се насочени на повисоките нивоа на образование, сепак сè повеќе се говори за пренесување во основните нивоа на образование. Главната хипотеза, при тоа, е дека раниот контакт со овие содржини и прашања ги сензибилизира децата и младите за нивните биоетички одговорности. Раниот допир со овие прашања има уште една важна цел – стимулирање и развој на критичкото мислење како основа на етичкиот став.

Како **основа за биоетичка наобразба** во раните одделенија може да се се земат неколку важни **столбови** кои извираат од следниве документи:

1. извештајот на УНЕСКО, т.е. на Меѓународната Комисија за образование за 21 век International Commission on Education for the 21st Century[5] каде се дефинирани основните столбови на образованието за 21 век:
    а. Учење за да се знае/learning to know
    б. Учење за да се чини/делува/прави/learning to do
    в. Учење за живот/learning to live
    г. Учење за да се биде/learning to be

(Иако овде биоетиката и биеотичкото образование не е експлицитно наведено, сепак тоа не може да се најде надвор од овие столбови на кои е втемелено современото образование).

2. *Universal Declaration on Bioethics and Human Rights* усвоена 19 октомври 2005 во која се отелотворени основните биоетички принципи усогласени помеѓу земјите членки на УНЕСКО. Овој сет биоетички принципи мора да биде основа, платформа на која ќе се темели секое биоетичко образование.
3. Понатаму, во 2001 година УНЕСКО воспостави UNESCO Chair in Bioethics (Haifa) овластувајќи ја да го унапреди образованието по етика во академските институции. Ова тело препорачува метод како да се предава биоетика[6] Оваа катедра публикува книги за етичко образование, и во првиот бран воспостави седум **Оддели** на пет континетни. Првиот оддел беше воспоставен во Италија European Centre for Bioethics and Quality of Life, под водство на Мирослава Васинова. Овој оддел во го иницираше и проектот, што всушност може да биде и третиот столб, извор на биоетичката наобразба:
4. Од 2008 година - **Syllabus for Ethics Education Program: The Bioethics Core Curriculum (BCC)** Овој **Bioethics Core Curriculum** ги артикулира етичките принципи и содржи 15 принципи, кои иако се однесуваат на студентите

[5] http://www.unesco.org/education/pdf/15_62.pdf
[6] Методолошките препораки се: Прво, да се напушти ex catedra методот. Второ, активна вклученост на учениците во дискусиите и процесот на донесување одлуки. Трето, запознавање со случаеви од различни култури, со цел да се најде универзален пристап. Дури на крај од ова наставникот може да сумира и да им обезбеди кондензирана етичка дефиницја и објаснување.

по медицина, во основа можат да се адаптираат и за во пониските нивоа на образование, со оглед на тоа што овој Core curriculum е дизајниран врз основа на биоетичките принципи од Декларацијата.

5. **И конечно: First Syllabus for Youth Bioethics Education**,[7] како уште еден важен документ кој треба да биде темел на биоетичката наобразба во основното образование.

ЗАКЛУЧОК

Согласно сето погоре изнесено, за имплементација на биетичко морално воспитание во пониските нивоа на образование, го препорачуваме следново:

1. Биоетиката да се дефинира како една од т.н. **трансферзални компетенции**[8] на нашиот образовен систем
2. Да се одредат целите и задачите на биоетичката наобразба
3. Да се дефинираат прецизно содржините и темите кои треба да бидат дел од еден
4. **Меѓупредметен курикулум**[9]: тоа е посебен курикулум кој ќе функционира како „скриен“ и кој ќе се „вметнува“ во останатите,

---

[7] Види на http://www.int-chair-bioethics.org/?mbt_book=the-first-syllabus-for-youth-bioethics-education Пристапено 17.01.2021

[8] **трансферзални компетенции** кои треба да се провлекуваат во сите наставни програми:

1. *Поттикнување на љубопитството: практична и проектно усмерена настава*
2. *Развој на критичкото мислење: учење како да се учи и метакогниција*
3. *Развој на личноста: самостојност, самодоверба, етичност и самоиницијативност*
4. *Социјализација: соработка, емпатија и способност за групна работа*
5. *Интеркултурни компетенции: почитување и промоција на културните разлики*
6. *ICT – вештини: употреба на современите технолошки алатки*
7. *Знаење и учество во одржлив развој Биоетика, етика и еколошка свест и одржлив развој: однос кон иднината и екосвест*
8. *Претприемачки дух и животни вештини: примена на знаењето*

[9] **меѓупредметни интердисциплинарни содржини:**

1. Граѓанско образование
2. Мултикултурализам и интеркултурна интеграција
3. Еко-образование и воспитание и одржлив развој
4. Претприемаштво
5. Логичко, философско-критичко мислење и решавање проблеми
6. Животни вештини
7. Проектен менаџмент
8. Работа со компјутери и употреба на ИТ - технологија

постоечките курикулуми и преку кои всушност се реализираат овие трансферзални компетенции;

5. За таа цел треба да се утврди и во кои постоечки, отворени, откриени курикулуми има простор за вметнување и во кои области, наставни единици и содржини: природа, општество, историја, природни науки, хемија, граѓанско и сл.
6. Да се дефинираат соодветните методи и техники на пренесување на содржините (посебна дидактика)
7. Да се образуваат наставниците за биоетика и да се обучат за соодветна имплементација.

БИБЛИОГРАФИЈА:

Potter, V. R. (1971). Bioethics: Bridge to the Future, Prentice-Hall, Englewood Cliffs

Josip Marinković (1987), *Ogledi iz Filozofije odgoj*a, Školske novine: Zagreb, 26

Ante Vukasović (1974): *Moralni odgoj*, Liber: Zagreb, 3

Bakovljev, M. (1998): Osnovi pedagogije, Sombor, Učiteljski fakultet